***ОПШТИНА КАРПОШ***
***ГРАДОНАЧАЛНИК***

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Број:
Датум:
Скопје

Врз основа на член 22, став 1, точка 6; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002) а, во врска со дел II Проектни активности, точка 3. Стипендии за талентирани ученици, жители на Општина Карпош кои учат во VIII I IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош од Програмата на активностите на Општина Карпош бр.18/2017 и 06/2018) а, во врска со член 2 од Одлуката за објавување на Оглас за Стипендии за талентирани ученици, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош бр.09-6767/6 од 24.08.2018 година („ Службен гласник на Општина Карпош бр.09/2018) Општина Карпош објавува оглас за стипендии за талентирани ученици.

# ОГЛАС
## за доделување на Стипендии за талентирани ученици од Општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за учебната 2018/2019 година

### I. Услови за доделување стипендија

Учесниците на Огласот треба да ги исполнуваат следните услови:

- Да се жители на општината Карпош,
- Кандидатите да се редовни ученици во VIII и IX одделение во општинските основни училишта од подрачјето на општина Карпош и
- Да оствариле континуиран успех во текот на школувањето од **VI одделение** од **најмалку 4,00.**

### II. Критериуми за доделување стипендија

Освоени награди од областа на науката, техниката, културата и уметноста од VI до IX одделение:

- **I место регионални, градски, општински** натпревар (0,5 бода),
- **I, II место** државен натпревар (2, 1 бод)
- **I, II или III место** меѓународен натпревар (3, 2 и 1 бод)
- Награди приложени од нелиценцирани организатори на натпревари нема да бидат земени во предвид.
- Освоените групни натпревари нема да бидат бодувани.

## III. Потребни документи

Со барањето учесниците на Огласот треба да достават:

- Потврда од училиштето дека кандидатот е редовен ученик во VIII и IX одделение во општинските основни училишта од подрачјето на општина Карпош,
- биографија на ученикот,
- фотокопии од свидетелствата, од VI до IX одделение,
- фотокопии од дипломи од освоени награди на натпревари од областа на науката, техниката, културата и уметноста од VI до IX одделение;
- препорака од класниот раководител или предметниот наставник,

## IV. Висината на стипендијата и рангирање

Висината на стипендијата ќе изнесува 2.500,00 и 2.000,00 денари месечно за осум месеци во текот на учебната година.

За освоени од 2 до 5 бода, висината на стипендијата изнесува 2.000,00 денари

За освоени над 5, 5 висината на стипендијата изнесува 2.500,00 денари.

## V. Начин на пријавување

Документите се доставуваат во Архивата на Општина Карпош или по пошта на ул. Радика бр. 9 – Скопје, со назнака „За доделување стипендии на талентирани ученици од општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за учебната 2018/2019 година “.

## VI. Рок за поднесување на документи

Рокот за поднесување на документите е заклучно со 17.09.2018 година.

Документите на кандидатите кои не се комплетни и ненавремено доставени нема да бидат разгледувани

Општина Карпош